# А Н А Л И З А

# НА НАДЗОРОТ ВРЗ ОБВРСКИТЕ НА ЈАВНИТЕ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ И ДРУГИТЕ АКТИВНОСТИ НА СЕКТОРОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ПИРАТЕРИЈА И ЗАШТИТА НА АВТОРСКИТЕ И СРОДНИТЕ ПРАВА ВО ВТОРИОТ КВАРТАЛ НА 2011 ГОДИНА

## 1. Регистрирани пакети

Во текот на вториот квартал (април, мај и јуни) на 2011 година Секторот има издадено 76 (седумдесет и шест) потврди за регистрирани програмски пакети, од кои:

а) 28 (дваесет и осум) потврди во месец април 2011 година;

б) 27(дваесет и седум ) потврди во месец мај 2011 година; и

в) 21 (дваесет и една) потврда во месец јуни 2011година.

Издадените потврди се однесуваат на аналогни и дигитални програмски пакети на кабелски оператори и ИПТВ операторот АД Македонски телеком - Скопје, чија услуга е позната под името Max TV (Макс ТВ).

Во регистрираните програмски пакети не е застапен ниеден нов, досега нерегистриран телевизиски програмски сервис.

Во овој период се регистрирани пакетите на три нови кабелски оператори, и тоа: КТВ – 69 од Истибања - Виница, Спејс тел нет од село Кадино - Скопје, и Глобал нет од Крушево. Со нивната регистрација е сведена на минимум појавата на оператори со нерегистрирани програмски сервиси, што е важно од аспект на легално функционирање на пазарот на оператори на јавни комуникациски мрежи.

**ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТ ЗА СЛЕДНИОТ ПЕРИОД: Следењето на оваа појава мора да остане континуирана обврска на Секторот и Советот.**

За значењето и величината на тој пазар сведочи и следниов извадок од Годишниот извештај за развојот на пазарот за електронски комуникации во РМ во 2010 година, објавен на сајтот на Агенцијата за електронски комуникации на 31.05.2011 година:

**Табела 1 Индикатори- пренос на радио и ТВ сигнали до крајни корисници**

| Бр. | ИНДИКАТОР | 2010 | 2009 | Промена (%) |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Број на претплатници на кабелска телевизија | 165.028 | 174.850 | -5,62% |
| 2. | Број на претплатници на IPTV | 30.123 | 14.334 | 110,15% |
| 3. | Број на претплатници на DVB-T | 42.890 | 10.149 | 322,60% |
| 4. | Број на претплатници на сателитска телевизија | 654 | 1.074 | -39,11% |
| 5. | Вкупен број на претплатници на ТВ-Услуги | 238.695 | 200.407 | 19,11% |

Во табела 6 точка бр.1 е даден вкупниот број на активни претплатници на ТВ-Услуги во 2010 и во 2009 година и промената во проценти (%). Од табелата може да се забележи дека бројот на активни претплатници на кабелска телевизија во 2010 година е намален за 5,62% во однос на претходната година.

Во точка бр.2 е даден бројот на активни претплатници на IPTV кој во 2010 година изнесува 30.123 претплатници и бележи раст од 110,15% во споредба со 2009 година.

Во точка бр.3 е даден бројот на претплатници на DVB-T. Со доделувањето на одобрение за користење на радиофреквенции во Јуни 2009 година на ОНЕ Оператор АД- Скопје (подоцна пренесено на Диги Плус Мултимедија- Скопје) ОНЕ почна со обезбедување на услугата дигитална телевизија преку терестријален предавател (DVB-T) во Ноември 2009 година. Бројот на претплатници кои ја користат услугата DVB-T изнесува 42.890 претплатници и бележи најголем раст во период од една година од 322,60%.

Единствено бројот на претплатници на сателитска телевизија, точка бр.4 од табелата, во 2010 година бележи опаѓање на претплатниците кое изнесува 39,11%.

Во точка бр.5 е даден вкупниот број на претплатници на ТВ-Услуги, нивниот број во 2010 година изнесува 238.695 или споредено со 2009 година бројот на претплатници е зголемен за 19,11%.




**Графикон 1 Пренос на ТВ содржини до крајни корисници (состојба на 31.12.2010 година)**

Во графиконот бр.23 е даден уделот во (%) на претплатници на ТВ-Услуги поделени по технологии за 2010 година. Уделот на претплатниците на кабелска телевизија изнесува 69,13%, претплатниците на DVB-T имаат удел од 17,97% додека уделот на претплатници на IPTV и сателитска телевизија изнесува 12,62% односно 0,28%.




**Графикон 2 Удел на операторите во пренос на ТВ содржини до крајни корисници во 2010 година**

## 2. Регистар на овластени застапници на јавни комуникациски мрежи

Во месец април 2011 година беше изготвен Регистар на овластени застапници за склучување договори за реемитување на програмски сервиси во јавните комуникациски мрежи и Регистар на овластени застапници на филмски, спортски и други права врз содржини што се емитуваат на програмските сервиси на домашните радиодифузери (радија и телевизии), со тоа што тие имаат евиденционен (неконститутивен) карактер и во нив содржаните податоци се објавени на веб страницата на Советот за радиодифузија, во функција на олеснување на комуникацијата меѓу овие застапници и операторите на јавни комуникациски мрежи и домашните радиодифузери и регулирање на авторските и сродните права од страна на операторите на јавни комуникациски мрежи и домашните радиодифузери. Пред нивното изгот-вување беше подготвен Повикот на Советот за радиодифузија, објавен на ден 24.02.2011 година, во дневните весници „Време“ и „Утрински весник“, и на веб страницата на Советот за радиодифузија, до заинтересираните овластени застапници. Овој повик е сочинет врз основа на календарот на активности, предвидени со Националната програма за усвојување на правото на Европската унија 2011.

**ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТ ЗА СЛЕДНИОТ ПЕРИОД: Регистарот на овластени застапници да биде перманентно дополнуван.**

## 3.Издадени налози за блокирање (затемнување) на делови од реемитувани телевизиски програмски сервиси, заради заштита на ексклузивни телевизиски спортски права на субјекти од Реппублика Македонија

### 3.1.Ексклузивни права за емитување/реемитување на *Мото шампионатот GP 2011*

Секторот, согласно член 77 став 1 од Законот за радиодифузната дејност, со писмо бр. 11 – 1515/1 од 18.04.2011 година, по барање на имателот на правата СЕЕМ Медиа – ДОО - Друштво за услуги – Скопје, од сите оператори на јавни комуникациски мрежи во Република Македонија, во чии програмски пакети беа и се застапени телевизиските програмски сервиси Спорт клуб (Sport klub) и Спорт клуб плус (Sport club +) од Република Србија, побара блокирање на реемитувањето на овие сервиси во време кога на нив се емитува/реемитува *Мото шампионатот*

*GP 2011*, во времето од 01.05.2011 година ( Трките во Португалија) до 06.11.2011 година (Трките во Франција) .

До Секторот на стасаа поплаки од кој било субјект во врска со оваа негова активност, освен една телефонска, и тоа од домашниот радиодифузер - националната и сателитска телевизија АБ Канал – Скопје. Оваа домашна телевизија беше упатена на контакти со имателот на правата СЕЕМ Медиа – ДОО - Друштво за услуги – Скопје, во услови кога тие со меѓусебен договор претходно ги имале регулирано правата за емитување на овој шампионат од страна на оваа телевизија во сезоните 2009 и 2010.

**ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТ ЗА СЛЕДНИОТ ПЕРИОД: Да се следи извршувањето на обврските по дописот бр. 11 – 1515/1 од 18.04.2011 година, до крајот на MP GP 2011 година.**

### 3.2. Ексклузивни права за емитување/реемитување на Тенискиот натпревар *Вимблдон 2011*

Секторот, со писмо бр. 03 – 2392/2 од 20.06.2011 година, по барање на домашниот радиодифузер на државно ниво Телевизија Телма – Скопје, од сите оператори на јавни комуникациски мрежи во Република Македонија, во чии програмски пакети беа и се застапени телевизиските програмски сервиси Б 92 (Б 92) и Спорт клуб (Sport klub), и двете од Република Србија, побара блокирање на реемитувањето на овие сервиси во време кога на нив се емитува/реемитуваат директните преноси на машките и женските сингл натпревари во рамките на Тенискиот натпревар *Вимблдон 2011*, во временскиот период од 21.06.2011 до 03.07.2011 година.

По повод оваа активност на Советот имаше реакции на одделни телевизиски гледачи, на кои им беше објаснет рестриктивниот карактер на ограничувањето и нужноста да се респектираат ексклузивните права на Телевизија Телма.

На ден 28.06.2011 година, преку операторот Кејблтел – ДООЕЛ – Скопје, Советот доби мејл од Телевизија Б 92 од Белград, Република Србија, насловена како *Потребна информацијата за Cabletel Македонија*, каде стои дека Телевизијата Б 92 повеќе не дава согласност за дистрибуција на програмата на Б 92 надвор од Република Србија и дека писмо за тоа и е испратено на македонската регулаторна агенција (се мисли на Советот за радиодифузија), со обврска оваа да ги извести

сите кабелски и ИПТВ дистрибутери. Во мејлот стои напомена дека за програмата на Б 92 Инфо и понатаму важи согласноста за реемитување надвор од Република Србија.

Проверката во нашата архива покажа дека Советот за радиодифузија нема примено писмо од Б 92 - Белград, а телефонската проверка (комуникација со овластените лица Саше Стерјев и Вера Самарџиева) од АД Македонски телеком – Скопје покажа дека и таму не стигнат мејл со ваква или слична содржина.

На ден 28.06.2011 година, до Советот за радиодифузија, се обрати ИКО Медиа – ДОО – Белград, Република Србија, со барање за исправка на налогот во однос на блокирањето на реемитувањето на Спорт клуб (Sport klub) од 27.06.2011 година, со кон него приложен мејл, со напомена дека овој телевизиски програмски сервис има право на емитување на директни преноси од *Вимблдон 2011* преку кабелските и сателитските дистрибуциони системи во Република Македонија.

По проверката на фактите, која бараше консултација со повеќе субјекти, на ден 01.07.2011 година, во претпладневните часови, телефонски беше корегиран налогот во однос на Спорт клуб (Sport klub), на сите платформи во Република Македонија.

**ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ ЗА СЛЕДНИОТ ПЕРИОД:**

**Да се проверат фактите од мејлот со обраќање на Советот за радиодифузија до Телевизијата Б 92 - Белград;**

**Да се инсистира радиодифузерите и другите субјекти кои се повикуваат на ексклузивни права да ги поднесуваат своите барања најмалку 7 (седум) дена пред почетокот на спортскиот или друг настан или емитувањето на играниот филм или телевизиска серија/серијал за кој стекнале ексклузивни права, со прецизирање на термините во кои ќе се емитуваат директни преноси или репризи на тие настани;**

**Да се одржи средба со одговорните во спортските и филмските редакции на телевизиите на државно ниво, за да расправа за прашањата што се однесуваат на ефикасна заштита на нивните екслузивни права.**

**4.Активности во врска со покренати постапки по кривични пријави и барања за поведување на прекршочни постапки**

Вработените во Секторот, во текот на вториот квартал 2011 година, беа ангажирани како сведоци и застапници пред повеќе основни судови во Република Македонија, во врска со покренати постапки по кривични пријави на Советот за радиодифузија и Министерството за внатрешни работи на Република, против оператори на јавни комуникациски мрежи и одговорни лица, за кривично дело „Повреда на правото на дистрибутерот на технички посебно заштитен сигнал“ од член 157-а став 3 и член 157-а став 5 во врска со став 3 од Кривичниот законик.

Во вториот квартал на 2011 година не се заврши правосилно ниедна постапка против оператор на јавна комуникациска мрежа.

**ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТ ЗА СЛЕДНИОТ ПЕРИОД:**

**Да се следи судбината на сите кривични пријави и барањата за поведување на прекршоќни постапки и на крајот на 2011 година (или крајот на третиот квартал од 2011 година) да се подготви материјал за исходот на постапките.**

**5.Други активности на Секторот**

**5.1.Локализација на реемитувани програми**

Секторот, во овој период, го следеше и проблемот со локализација на реемитуваните програми на македонски јазик, во смисла на можноста од член 82 став 2 од Законот за радиодифузната дејност. Од Даница Саздовска, како застапник на телевизиските програмски сервиси TV 1000, Viasat History, Viasat Explorer и Viasat Nature, беше најавена нивна локализација во текот на месец мај 2011 година, со напомена дека ќе мора претходно да се постигне договор со кабелските и други оператори на јавни комуникациски мрежи за нивно финаниско учество во обезбедувањето на титл преводи. Од овој застапник беше добиен податок дека во односите со кабелските оператори има проблеми во врска со таканареченият under reporting (прикажување на помал број претплатници од оној вистинскиот), по што беше упатена во Агенцијата за

електронски комуникации, со напомена дека оттаму треба да бара податоци за точниот број претплатници. Последно сознание е дека во очекуваниот термин не дојде до локализација на споменатите четири телевизиски програмски сервиси, заради сеуште не постигнат договор околу финансиското учество во преводите, помеѓу нив и компанијата Via sat, како имател на правата.

Од овластеното лице Оливера Нечаковска е добиен податок дека наскоро ќе биде донесена и објавена одлуката на Комисијата за заштита на конкуренцијата – Скопје, по барањето на кабелскиот оператор Кејблтел – ДООЕЛ – Скопје, против АД Македонски телеком – Max TV - Скопје и Дигиплус мултимедиа – Boom TV - Скопје, а во врска со ексклузивното право на преводи на телевизиски програмски сервиси, на кое се повикуваа овие две компании.

**ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТ ЗА СЛЕДНИОТ ПЕРИОД:**

**Во месец август 2011 година да се мониторираат состојбите со преводите и за сите случаи на повреда на одредбата од член 82 став 2 од Законот за радиодифузната дејност да се известува Министерството за култура, како надлежен орган за инспекциски надзор и за поднесување на барања за поведување на прекршочна постапка.**

**5.2.Уредени авторски и сродни права за емитувани програми од страна на домашни радиодифузери (телевизии)**

Во предметниот период Секторот не дојде до сознанија за повреди на авторските и сродните права со емитување на програми од страна на домашните радиодифузери, но очигледна е нужноста активностите на тој план да се фокусираат на односот на регионалните и локалните радиодифузери кон овој проблем.

**ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТ ЗА СЛЕДНИОТ ПЕРИОД:**

**Да се испратат дописи до регионалните телевизии во Скопје и локалните телевизии од внатрешноста на Република Македонија, со барање, во рок од 15 дена по приемот на барањето, да достават документација за уредени авторски и сродни права за емитуваните играни и документарни филмови, како и телевизиски серии и серијали во текот на првата половина од 2011**

**година, со напомена во одговорот да ги изнесат и евентуалните проблеми со кои се соочуваат при набавката на таков тип програми од домашна и странска продукција.**

**На истите околности, да се прибави документација од сите домашни телевизии, на сите нивоа на емитување ( државно, регионално и локално) , за третиот квартал на 2011 и четвртиот квартал на 2011 година.**

**18.07.2011 година**

**СЕКТОР ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ПИРАТЕРИЈА И ЗАШТИТА НА АВТОРСКИТЕ И СРОДНИТЕ ПРАВА**